РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен музички училишен центар
"Сергеј Михајлов" ц.о.
Бр. 09-290/1
07.04 2026 год.
ШТИП

Врз основа на член 41 став 3 од Статутот на Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“, Штип, а согласно Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната 2026/2027 година во Република Северна Македонија објавен од страна на Министерството за образование и наука, Училишната комисија за запишување на ученици при Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“, Штип, на 7.4.2025 година објавува

# О Г Л А С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 година

## -ЈУНСКИ УПИСЕН РОК-ПРВО ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ-

## I.БРОЈ НА СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ МЕСТА

Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“, Штип, во учебната 2026/2027 година согласно наставните планови и програми за уметничкото образование-музичка уметност, во јунски уписен рок -прво пријавување ќе врши упис на:

**68 УЧЕНИЦИ ВО ДВЕ ПАРАЛЕЛКИ ЗА НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК и тоа за:**

**1.МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ - 34 ученици (една паралелка) за следните инструменти:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пијано – 5 | Кларинет – 3 | Виолина – 4 | |
| Хармоника – 4 | Соло пеење -2 | Гитара – 2 | |
| Труба – 2 | Флејта – 2 | Виолончело-1 | |
| Ударни инструменти –2 | Саксофон– 3 | Контрабас-1 | |
| Тромбон – 1 | Фагот – 1 | Виола-1 | |

**2. МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР - 34 ученици (една паралелка)**

**НАПОМЕНА:**

1.Бројот на слободни ученички места и утврдениот минимум поени за второто пријавување и запишување ќе се објави по завршувањето на првото пријавување и запишување.

Училишниот центар го задржува правото да го промени уписот на вкупниот планиран број на ученици по одреден инструмент за насоката МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ за учебната 2026/2027 година.

Промената од претходниот став ќе зависи од интересот и квалитетот на пријавените ученици во првото пријавување и ќе се однесува за второто пријавување на учениците.

2.За учениците кои ќе се запишат во прва година во јавното средно училиште, нема да биде обезбеден бесплатен превоз или сместување доколку избраниот вид на образование (струка или насока) го има во општината, односно регионот.

## II.УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ, КОНКУРСНИ РОКОВИ, КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР И ПРИЕМЕН ИСПИТ

### II.1.УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- УЧЕНИКОТ ДА ИМА ЗАВРШЕНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ;

(можат да се запишат и надарени ученици со завршено основно музичко образование а со незавршено редовно основно образование по претходна писмена согласност од Министерството за образование и наука врз основа на предлог од училиштето, со обврска паралелно да се здобијат со основното образование)

- УЧЕНИКОТ ДА НЕ Е ПОСТАР ОД 17 ГОДИНИ;
- ДА СЕ ОПРЕДЕЛИЛ ЗА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ-МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, ЗА НАСОКИТЕ: МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ ИЛИ МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР;
- ДА ГО ПОЛОЖИЛ ПРИЕМНИОТ ИСПИТ;
- ДА ГИ ИСПОЛНИ КРИТЕРИУМИТЕ УТВРДЕНИ СО ОВОЈ ОГЛАС.

**II.2.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

*Учениците ја доставуваат следната документација:*

- ПРИЈАВА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ( пријавата учениците ја генерираат со печатењена електронската пријава преку системот за е-услуги);

- ОРИГИНАЛНИ СВИДЕТЕЛСТВА ОД VI - IX ОДДЕЛЕНИЕ;

- ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИТЕ ( оригинал, без оглед на датумот на издавање );

-ДИПЛОМИ ОД ОСВОЕНО I, II ИЛИ III МЕСТО ОД МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР И/ИЛИ ОСВОЕНО I МЕСТО НА ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР;

-ОРИГИНАЛНИ СВИДЕТЕЛСТВА ОД ЗАВРШЕНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, ОД УЧИЛИШТА КОИ СЕ ВЕРИФИЦИРАНИ СО АКТ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РСМ, (доколку кандидатот има завршено основно музичко образование).

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОВТОРУВАЧИ:**

Да се пријават за упис во прва година во јунскиот уписен рок во првото пријавување и запишување.

**II.3.РОКОВИ:**

**II.3.1.ПРВО ПРИЈАВУВАЊЕ, РАНГ ЛИСТА НА ЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ПОЛАГАЊЕ ПО ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ, КОНЕЧНА РАНГ ЛИСТА СО РЕЗУЛТАТИ ОД ЗАПИШУВАЊЕТО И СЛОБОДНИ МЕСТА:**

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од 00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година, преку порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука:
**https://e-uslugi.mon.gov.mk со посебна најава за ученици преку сопствените кориснички сметки на schools.mk**

**ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ:**

Доставувањето на потребната документација до училиштето е на 16 јуни 2026 од 08.00 часот до 19.00 часот и на 17 јуни 2026 година од 08.00 до 15.00 часот.

**ПОЛАГАЊЕ ПО ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ на 18 јуни 2026 година**

а) – ПИСМЕН ТЕСТ - 09:00 часот
б) – СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ - 10:00 часот

**ОБЈАВА НА КОНЕЧНА РАНГ ЛИСТА СО РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЗАПИШУВАЊЕТО И СЛОБОДНИТЕ МЕСТА училиштето ја објавува најдоцна до 18 јуни 2026 година на огласна табла во училиштето и/или на училишната интернет страна.**

**НЕПРИМЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЈА ПОДИГНУВААТ ЦЕЛОКУПНАТА ПОДНЕСЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО ВО РОК ОД 24 ЧАСА.**

**НАПОМЕНА:**

-второто пријавување и запишување на учениците во училиштето ќе се спроведе доколку не се запишат доволен број на ученици односно не се пополнат објавените слободни места по образовен профил и инструмент од првото пријавување и запишување.

-учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштето доколку има слободни места после уписниот рок со две пријавувања.

## II.4.КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:

### II.4.1.ОПШТИ КРИТЕРИУМИ УТВРДЕНИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ ЗА СИТЕ ВИДОВИ СТРУКИ ЗАСТАПЕНИ ВО ОВА УЧИЛИШТЕ

**1.** Среден успех на ученикот од VI-IX одделение.
*Ученикот по овој критериум може да добие* ***најмногу 50 поени.***
(општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефицент 10)

**2.**Среден успех на ученикот постигнат по четири предмети кои што се од значење за струката-музичка струка, и тоа од предметите: мајчин јазик, англиски јазик, музичко образование и историја
*Ученикот по овој критериум може да добие* ***најмногу 20 поени*** *(по 5 поени за секој предмет).*

**3.**Диплома за освоено I,II или III место од меѓународен натпревар, како и освоено I место на државен натпревар, организирани од акредитирани здруженија од Министерството за образование и наука (по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје).
*Ученикот по овој критериум може да добие* ***најмногу 5 поени*** *(му се вреднува само една награда-диплома, која носи најмногу поени) и тоа:*

- за освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар ........5 поени
- за освоена втора награда или сребрен медал на меѓународен натпревар.....4 поени
- за освоена трета награда или сребрен медал на меѓународен натпревар.....3 поени
- за освоено прво место на државни акредитирани натпревари........................3 поени

**4.**Средна вредност од поени добиени за поведение од VI-IX одделение при што ученикот *по овој критериум може да добие* ***најмногу 5 поени*** (средната вредност е збир на поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4) и тоа:

- примерно поведение ……………… 5 поени
- добро поведение ………………….. 3 поени
- незадоволително поведение …….. 0 поени

**УЧЕНИКОТ ПО СИТЕ ОПШТИ КРИТЕРИУМИ МОЖЕ ДА ДОБИЕ ВКУПНО 80 ПОЕНИ.**

**НАПОМЕНА:**Во првото пријавување учениците треба да освојат МИНИМУМ 60 ПОЕНИ по основ на гореневедените општи критериуми, за да можат да конкурираат за упис.

Од таа причина се советуваат учениците сами да си пресметаат дали го исполнуваат овој услов.

**ЗА ПРИПАДНИЦИТЕ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ПОЕНИТЕ ОД ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ КРИТЕРИУМИ СЕ НАМАЛУВААТ ЗА 10%**

## II.4.2ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ:ПРИЕМЕН ИСПИТ:

**1.МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ (за сите музички инструменти)**

**Стручен приемен испит:**

**-тест од општа музичка култура-најмногу 15 поени**
**-музичка меморија-најмногу 15 поени**
**-интонација-најмногу 15 поени**
**-ритам-најмногу 15 поени**
**-инструмент-најмногу 20 поени**

**УЧЕНИКОТ ПО ДОПОЛНИТЕЛНИОТ КРИТЕРИУМ-СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ ЗА МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ МОЖЕ ДА ОСВОИ МАКСИМАЛНО 80 ПОЕНИ.**

**НАПОМЕНА:**

За да биде рангиран во бодовната листа ученикот треба да освои:

- МИНИМУМ 60 ПОЕНИ од сите дополнителни критериуми (од тестот од општа музичка култура и дисциплините:музичка меморија, ритам, интонација и инструмент),
- МИНИМУМ 12 ПОЕНИ по дисциплината инструмент
- МИНИМУМ 6 ПОЕНИ од секоја од дисциплините: општа музичка култура, меморија, ритам и интонација.

**2.МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР**

**Стручен приемен испит:**

**-тест од општа музичка култура-најмногу 15 поени**
**-музичка меморија-најмногу 15 поени**
**-интонација-најмногу 15 поени**
**-ритам-најмногу 15 поени**

**УЧЕНИКОТ ПО ДОПОЛНИТЕЛНИОТ КРИТЕРИУМ-СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ ЗА МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР МОЖЕ ДА ОСВОИ МАКСИМАЛНО 60 ПОЕНИ.**

**НАПОМЕНА:**

За да биде рангиран во бодовната листа ученикот треба да освои:

- МИНИМУМ 48 ПОЕНИ од сите дополнителни критериуми (од тестот од општа музичка култура и дисциплините:музичка меморија, ритам, интонација),
- МИНИМУМ 6 ПОЕНИ од секоја од дисциплините: општа музичка култура, меморија, ритам и интонација.

## III.ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

1.Кандидатот кој се пријавил за насока музичар изведувач во пријавата го наведува и музичкиот инструмент што сака да го изучува.

2. Прашањата за тестот по општа музичка култура се од наставната програма по музичко воспитување од основното образование.

3.При полагањето на стручен приемен испит кандидатот е должен да поседува ученичка книшка или личен документ со своја фотографија заради идентефикација. На кандидатот кој нема да поседува ученичка книшка или личен документ со негова фотографија, нема да му се дозволи да го полага приемниот стручен испит.

4.При полагањето на тестот по општа музичка култура ученикот е должен да поседува: молив, гума и хемиско или мастилно пенкало во сина боја.

5.При полагањето по дисциплината инструмент кандидатот сам си обезбедува музички инструмент освен клавир.

6.При полагањето на тестот по општа музичка култура кандидатот е должен да се придржува кон упатствата на лицето кое го набљудува и врши тестирањето. Кандидатот кој нема да се придржува кон упатствата може да биде опоменат и отстранет од испитот.

7.На ранг листата кандидатите се рангираат спрема големината на освоените поени почнувајќи со кандидатите со најголем број на поени. При рангирањето се земаат во предвид поените на кандидатот остварени од основното образование, пресметани на начин опишан во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2026/2027 година во Република Северна Македонија, објавен од страна на Министерството за образование и наука, како и поените освоени од приемниот испит.

8.Ако два или повеќе кандидати оствариле ист број на поени, приоритет при рангирањето имаат кандидатите по следниот редослед и тоа:

8.1.за насоката музичар теоретичар:

-кандидатот кој го положил испитот за насоката музичар изведувач а меѓу нив кандидатот кој постигнал повеќе бодови по дисциплината инструмент;

-кандидатот со завршено основно музичко училиште а меѓу нив кандидатот со подобар успех остварен во основното музичко училиште;

-кандидатот со поголем број на бодови остварени на приемниот испит.

8.2.за насоката музичар изведувач:

-кандидатот со завршено основно музичко училиште а меѓу нив кандидатот со подобар успех остварен во основното музичко училиште;

-кандидатот со поголем број на бодови остварени по дисциплината инструмент.

-кандидатот со поголем број на бодови остварени на приемниот испит.

9.За запишани кандидати се сметаат кандидатите кои ги исполниле општите и дополнителните критериуми и се со најголем број на поени заклучно со редниот број означен во ранг листата.

10.Доколку на огласот се пријавиле кандидати кои ја повторувале прва година во ова училиште со завршувањето на наставната 2025/2026 година, истите се сметаат за запишани и не се рангираат на ранг листата.

11.Во случај од претходниот став, за бројот на овие пријавени кандидати се намалува квотата определена во точка еден од овој оглас за соодветната насока односно вид на музички инструмент.

12.Кандидатот кој не е примен може да поднесе приговор во однос на пресметаните поени до Училишната комисија за запишување на ученици при училиштето во рок од 12 часа по истакнувањето на ранг листата на огласната табла на училиштето и/или на училишната интернет страница.

13. Училишната комисија решава по приговори од ученици по конечната ранг листа, во рок од 12 часа по истакнување на истата.

14. Одлуката на Училишната комисија е конечна.

ДИРЕКТОР,
на ДМУЦ„Сергеј Михајлов“, Штип
Илија Косевски